

12th International Conference "Ohrid-Vodici 2024"

# "Promotion of the "Soft Power", Culture, Cultural Heritage, Environment, Tourism or other Human Dimension measures for Sustainable and Intercultural Development"

- Conferense Proceedings -

12-та Меѓународна конференција „Охрид- Водици 2024"

# „Промоција на мерките на „меката моќ", културата, културното наследство, животната средина, туризмот или друга мерка на човековата димензија за одржлив и интеркултурен развој"

- Зборник на трудови-

**12-та Меѓународна конференција**
**„Охрид-Водици 2024“**

# ПРОМОЦИЈА НА МЕРКИТЕ НА „МЕКАТА МОЌ“, КУЛТУРАТА, КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, ЖИВОТНАТА СРЕДИНА, ТУРИЗМОТ ИЛИ ДРУГА МЕРКА НА ЧОВЕКОВАТА ДИМЕНЗИЈА ЗА ОДРЖЛИВ И ИНТЕРКУЛТУРЕН РАЗВОЈ

**-Зборник на трудови-**

Уредник

**Рубин Земон**

Охрид, 17-19 јануари 2024

**Conference Proceedings 12th International Conference “Ohrid – Vodici” 2024**

**Publishers:**
Center for Advanced Researches, Skopje, North Macedonia

**Editor:** Rubin Zemon Ph.D.

**Computer preparation and printing:** Igor Panev M.Sc.

**Photo on the book cover:**

**Print:** Iris print DOOEL - Struga

**Place of publication:** Skopje, 2025

**Copies printed:** 300

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.7:502.131.1(062)
316.7:332.146.2(062)
338.48:502.131.1(062)
338.48:332.146.2(062)
338.48:316.7(062)

МЕЃУНАРОДНА конференција "Охрид-Водици" (12 ; 2024 ; Охрид)
Промоција на мерките на "меката моќ", културата, културното наследство, животната средина, туризмот или друга мерка на човековата димензија за одржлив и интеркултурен развој : зборник на трудови / 12-та Меѓународна конференција "Охрид-Водици 2024", Охрид, 17-19 јануари 2024 ; уредник Рубин Земон. - Skopje : Center for advanced researches, 2025.
- 246 стр. : илустр. ; 25 см

На стр. 3: Promotion of the "soft power", culture, cultural heritage, environment, tourism or other human dimension measures for sustainable and intercultural development : conference proceedings / 12th International conference "Ohrid-Vodici, 2024", Ohrid, 17-19 January,
2024 ; editor Rubin Zemon. - Трудови на мак. и англ. јазик. - Фусноти кон текстот. - Библиографија кон трудовите

ISBN 978-608-66817-3-9
а) Култура -- Одржлив и интеркултурен развој -- Собири б) Туризам -- Одржлив и интеркултурен развој -- Собири

COBISS.MK-ID 65037573

**12th International Conference**
**"Ohrid-Vodici, 2024"**

# PROMOTION OF THE "SOFT POWER", CULTURE, CULTURAL HERITAGE, ENVIRONMENT, TOURISM OR OTHER HUMAN DIMENSION MEASURES FOR SUSTAINABLE AND INTERCULTURAL DEVELOPMENT

**-Conference Proceedings-**

Editor

**Rubin Zemon**

Ohrid, 17-19 January, 2024

**THE CONFERENCE PROGRAMME COMMITTEE**

**Rubin Zemon, Ph.D.** Centre for Advanced Researches, Skopje, North Macedonia

**Fariz Khalili, Ph.D.** MIRAS Social Organization in Support of Studying of Cultural Heritage, Baku, Azerbaijan

**Ahmet Aytac, Ph.D. A**ydin Adnan Menderes University, Izmir, Turkey

**Veronika Wittman Ph.D.,** Johan Kepler University, Linz, Austria

**Georgi Nikolov, Ph.D,** University of National and World Economy, Sofia, Bulgaria,

**Milica Jokovic Pantelic Ph.D., I**nstitute for Social Sciences, Belgrade, Serbia

**Meleq Shopi, Ph.D.** University “Alexander Xhuvani”, Elbasan, Albania

**Dejan Metodijeski, Ph.D.** University Goce Delchev, Stip, Skopje, North Macedonia

**Kubilay Akman, Ph.D.,** Usak University, Turkey

**Ana Chupeska Ph.D.,** University Ss. Cyril and Methodius, Skopje, North Macedonia

**Stephan Breu Ph.D.,** Pestalozzi University, Miami, USA

**Andrey Gorokhov, Editor-in-Chief,** Russian Political Science, Moscow, Russian Federation

**Jasminka Simić, Ph.D. Editor- in – chief,** Radio-Television of Serbia, Belgrade, Serbia

**Zoran R. Vitorovic, DID Ph.D, Editor-in-Chief,** Global Processes Journal, Miami, USA

**Emil Gjorgov Ph.D.** Centre for Advanced Researches, Skopje, North Macedonia

**Elvira Lumi Ph.D.,**University “Alexander Xhuvani”, Elbasan, Albania

**ORGANIZING COMMITTEE OF THE CONFERENCE**

Aleksandar Manasieski, Ph.D.
Ljupco Janevski Ph.D.
Marina Vrvcoska M.A.
Verica Dzijanovska
Erdal Musli

# Contents

Предговор/Preface 11

**BIOGRAPHY– PROFESSOR DR. PREDRAG SIMIĆ (1954-2015) 17**

Sasho Georgievski, President of an Croatian- Macedonian Tangent, from Shibenik, Croatia
**TRIBUTE TO PROF. PREDRAG SIMIC PH.D. 20**

Rubin Zemon
Amona Zemon
**WESTERN BALKAN COUNTRIES UNDER THE INFLUENCES OF SOFT AND SHARP POWERS 23**

Salvatore Costanza
**GRIKO MINORITY IN SOUTHERN ITALY: SUSTAINABLE TOURISM AND CULTURAL DIPLOMACY TOWARDS GREECE AND BALKANS 33**

Jasminka Simić
**SOFT POWER IN INTERNATIONAL RELATIONS: HISTORY AND PERSPECTIVE 43**

Emina Rustemoska
**K WAVE OF INFLUENCE - SOUTH KOREA`S SOFT POWER RESONANCE 58**

Dzerassa Eleeva (Makoeva)
**QATAR'S INTERNATIONAL ECONOMIC COOPERATION 69**

Denada Çipi
Dorina Daiu
Klodiana Leka
**THE INFLUENCE OF THE BRITISH CULTURE IN THE FRAMEWORK OF LIVING STYLE AND MULTI-CULUTRALISM IN POST-OHRID, MACEDONIA 72**

Elvira Lumi
Lediona Lumi
**THE POWER OF POETRY 80**

Meleq Shopi
Rudina Hoxha
**LANGUAGE OF HATE THROUGH COMMUNICATION IN SOCIAL NETWORKS 84**

Dejan Metodijeski
Oliver Filiposki
Nikola Cuculeski
Emilija Todorovic
**BASIC ASPECTS OF YOUTH TRAVEL AND TOURISM – EDUCATIONAL TOURISM 95**

Božica Slavković Mirić
**OVERVIEW OF CULTURAL SITUATIONOF SOUTHERN SERBIA BETWEEN THE TWO WORLD WARS 111**

Александар Манасиевски
Кристијан Манасиевски
**БЕЗБЕДНОСТА КАКО ПРЕДИЗВИК НА НАЈНОВИТЕ СЛУЧУВАЊА ВО РС МАКЕДОНИЈА И РЕГИОНОТ 121**

Драгица Чекоровска
**СВ. ТРИФУН ВО ТИКВЕШИЈАТА 132**

Florinka Gjevori
Dorina Daiu
**THE CONTRIBUTION OF CATHOLIC CLERGY TO EDUCATION, RELIGION AND THE MOTHERLAND DURING THE FIRST HALF OF THE 20TH CENTURY 136**

Rakela Luniku
**PHYTONYM AND ZOONYM COMPOSITES IN POPULAR CREATIVITY AND THEIR ETHNOLINGUISTIC VALUE FOR THE ENRICHMENT OF THE ALBANIAN LEXICON 145**

Lendrtit Qelim
**DIABETES, A CRITICAL HEALTH CONCERN FOR GJAKOVA'S ROMA, ASHKALI, AND EGYPTIAN COMMUNITIES 152**

Nikola Cuculeski
Dejan Metodijeski
Oliver Filiposki
**COFFEE CULTURE AND COFFEE TOURISM 158**

Тошо Чочороски
**ГАСТРОНОМСКА АНИМАЦИЈА ВО ТУРИЗМОТ КАКО ПРОМОТОР НА КУЛТУРАТА И КУЛТУРНИОТ ИДЕНТИТЕТ Гастрономка анимација „По патот на виното“ ( студија на случај - Вардарски регион) 171**

Mustafa Ibrahimi
**“FUQIA E BUTË” ARABE SI MODEL PËR SHTETET BALLKANIKE - RASTI I SHQIPËRISË DHE MAQEDONISË SË VERIUT! 185**

Fariz Khalilli, Elmira Abbasova
Gafar Jabiyev, Tohfa Huseynova
Chinara Ahmadova, Shabnam Aliyeva
**2023 YEAR ARCHAEOLOGICAL RESEARCH IN NARGIZAVA ANCIENT NECROPOLIS IN AZERBAIJAN 191**

Denis Himçi
Meleq Shopi
**“MURET E PORTËS” ARCHAEOLOGICAL SITE AS AN EXAMPLE OF CIVIL SOCIETY ENGAGEMENT 208**

Fariz Khalilli
Mahammad Nurmammadov
Shola Bayramova
Vugar Hajiyev
**ESTORATION AND CONSERVATION PROJECT OF THE MAIN SQUARE OF THE MEDIEVAL AGSU CITY 214**

Ahmet AYTAÇ
**SOME WEAVING RECORDS OF THE RUMELIA REGION IN THE OTTOMAN ARCHIVES**
**(OSMANLIN ARŞİVLERİNDE RUMELİ BÖLGESİNE AİT BAZI DOKUMACILIK KAYITLARI) 230**

Gülnur DURAN
**ILLUMINATION OF THE DIVAN OF SULTAN OSMAN II (FÂRİSÎ) IN TOPKAPI PALACE MUSEUM LIBRARY, REVAN 741 237**

Funda Yüksel ÖZER
**RED HAIR GODDESS APHRODITE/AFRODITH 238**

Lamiya Rahimova
**THE REFLECTION OF HISTORICAL EVENTS IN 17TH CENTURY AZERBAIJANI AND OTTOMAN-TURKISH POETIC WORKS 239**

**Dejan Metodijeski, Oliver Filiposki, Nikola Cuculeski**
Goce Delcev, University, Stip, Republic of North Macedonia
**Emilija Todorovic,** SUGS Lazar Tanev, Skopje, Republic of North Macedonia

# BASIC ASPECTS OF YOUTH TRAVEL AND TOURISM – EDUCATIONAL TOURISM

**Abstract:**Youth tourism is a form of tourism in which young people participate. It is a type of tourism with categories of tourists who, due to their age, have special and different preferences and needs from other age groups, from which arise appropriate activities and capacities that tourism offers for them. In youth tourism, there are specialized tourist intermediaries (tour operators and travel agencies), and organizations (youth and similar associations) that deal only with the organization of youth tourism. Youth tourism refers to all independent travel for periods of less than one year by young people who are motivated, in part or in whole, by the desire to learn about other cultures, create life experiences or take part in formal or informal learning opportunities outside the usual place of residence. Motivated by various motives (fun, getting to know new cultures, education, adventure, etc.), young people go on trips to expand their horizons and achieve their goals, all in order to satisfy their needs and desires. For the purposes of this paper, a methodology was used and appropriate and relevant literature in the field of youth tourism was analyzed. The aim of the paper is to cover the basic aspects of youth tourism by defining this type of tourism and analyzing the demand for youth tourism. Special reference is made to educational tourism, which appears due to the growing trend of acquiring new knowledge, but also transferring knowledge to others, as well as improving abilities and competencies outside the classroom. In educational tourism, the focus is on getting to know the culture, that is, getting to know new knowledge, as well as the work and application of the knowledge acquired in the classroom. Accordingly, educational tourism encompasses tourism activities undertaken during travel where learning or education is the primary or secondary motive for tourists.

**Keywords:**youth, travel, educational tourism,young people.

## 1. Дефинирање на младинскиот туризам

За да можеме да ја објасниме суштината на младинскиот туризам, најпрво треба да го објасниме етимолошкото значење на овој поим. Поимот младински туризам е составен од зборовите „младински“ и „туризам“. Во светската литература на англиски јазик овој поим се среќава како youth tourism. На глобално ниво отсуствува заедничка дефиниција на поимот „млади“. Кај различни земји се среќаваат различни возрасни граници, но она што е заедничко е што терминот млади секогаш се разликува од терминот деца. За деца се сметаат индивидуите кои немаат стекнато полнолетство, но она што е предмет на дебата и разлики е горната возрасна граница за која се смета дека индивидуата припаѓа на групата млади луѓе. Законските регулативи кои го регулираат полнолетството варираат од земја до земја, некаде 18 години е прифатена законска граница, а во некои земји оваа граница е 21 година. Од биолошки аспект, дете е човечко суштество помеѓу фазите на раѓање и пубертет, а правната дефиниција на дете генерално се однесува на малолетно лице. Конвенцијата за правата на детето на Обединетите Нации го дефинира детето како „човечко суштество под возраста од 18 години, освен ако според законот кој се применува за детето не е одредено поинаку“. Од друга страна, во литературата се среќава и терминот тинејџер. Тинејџери се лица чија возраст на англиски ја содржи бројката „teen“. Според тоа возраста почнува со 13 (thirteen) и завршува со 19 (nineteen).

Младите во земјите од Европската унија според Стратегијата за млади на ЕУ се дефинираат како возрасна група од 15-29 години[1]. Во Африканските земји горната возрасна граница на млади луѓе е 35 години[2]. Обединетите Нации за статистички цели, под терминот млади подразбираат луѓе на возраст од 15-24 години[3]. Во Северна Македонија, законската регулатива дефинира „млади“ како лица на возраст од 15 до 29 години[4]. Во земјата се изготвени повеќе стратегии за млади на национално ниво[5], локални општински стратегии за млади, како и Стратегија за млади на градот Скопје[6].

1 Hofmann-van de Poll, F., Williamson, H. (2021) European Youth Strategies A reflection and analysis: Background analysis for the EU Council of Europe youth partnership consultative process. EU-CoE Youth Partnership.

2 Preko, A., Doe, F., Dadzie, S. (2019) The future of youth tourism in Ghana: motives, satisfaction and behavioural intentions. Journal of tourism futures, 5(1), pp. 5-21.

3 United Nations (2018) Youth 2030: The UN Youth Strategy. New York: United Nations.

4 Закон за младинско учество и младински политики (2020) Службен весник бр.10.

5 АМС (2021) Национална стратегија за млади 2023-2027. Скопје: Агенција за млади и спорт.

6 Град Скопје (2021) Стратегија за млади на град Скопје 2021-2025. Скопје: Град Скопје.

**Табела 1.** Концепт на различни генерации

| Генерација | Временски период и години |
|---|---|
| Изгубена | 1883-1900 |
| Најголема | 1901-1927 |
| Тивка | 1928-1945 |
| Беби-бум | 1946-1964 |
| Генерација X | 1965-1980 |
| Генерација Y | 1980-1996 |
| Генерација Z | 1997-2012 |
| Генерација Алфа | средина 2010ти – средина 2020ти |

**Извор:** Прилагодено според Jaeger, H. (1985) Generations in History: Reflections on a Controversial Concept. History and Theory, 24 (3), pp. 273-292.

За определување на младинскиот туризам, во стручната литература се земаат предвид и теоретските поделби на генерациите. Генерацијата претставува група на луѓе кои се на приближно иста возраст со слични сфаќања и живеат во еден временски период[7].

За потребите на овој труд, земајќи ги предвид релевантните публикации од областа на младинскиот туризам, младите луѓе опфаќаат возрасна група на лица до 35 години.35 годишната возраст како горна граница се зема предвид, поради фактот што младите во денешно време поминуваат подолго време на универзитетите и го напуштаат својот дом на многу постара возраст, а исто така и подоцна во животот стапуваат во брак и основаат семејства. Како резултат на тоа, старосната група на млади лица се зголемува, што ненамерно значи и поголем и похетероген пазарен сегмент[8]. Поради таа причина, земајќи ги предвид концептите на различни генерации, во младинскиот туризам можеме да ги сместиме во основа генерациите Y и Z, а во блиска иднина и генерацијата алфа.

Генерација Y (познати и како милениумци), се демографска група по генерацијата X и претходници на генерација Z. Истражувачите и популарните медиуми ги користат раните 1980-ти како почетни години на раѓање и средината на 1990-тите до раните 2000-ти години како крајни години на раѓање, при што генерацијата обично се дефинира како луѓе родени од 1981 до 1996 година. Повеќето милениумци се деца на бејби-бумери и раните генерации X. Милениумците често се родители на генерацијата Алфа, а младите од оваа генерација подоцна стапуваат во брак. Милениумците се родени во време на опаѓање на стапката на плодност ширум светот и имаат помалку деца од нивните родители. Милениумците се опишани како првата глобална генерација и првата генерација која пораснала во ерата на Интернет. Членовите на оваа демографска група се познати како милениумци бидејќи најстарите членови станале полнолетни на почетокот на милениумот. Генерацијата

7 Ferreira, V. (2020) Youth Studies and Generations: Values, Practices and Discourses on Generations. Basel: MDPI.

8 Khoo-Lattimore, C., Yang, E. (2018) Asian Youth Travellers: Insights and Implications. Singapore: Springer.

генерално е обележана со зголемено користење и зближување со интернетот, мобилните уреди и социјалните медиуми, поради што тие понекогаш се нарекуваат дигитални староседелци. Помеѓу 1990-тите и 2010-тите, луѓето од светот во развој станале подобро образовани, фактор кој што го поттикна економскиот раст во овие земји. Милениумците ширум светот претрпеле значителни економски нарушувања од почетокот на нивниот работен век, многумина се соочиле со високи нивоа на невработеност кај младите во текот на нивните рани години на пазарот на трудот во екот на Големата рецесија и претрпеле уште една рецесија во 2020 година поради пандемијата поврзана со COVID-19.

Генерација Z (млади познати според неформалниот термин како зумери), е демографска група наследници на милениумците и претходници на генерација Алфа. Истражувачите и популарните медиуми ја користат средината до крајот на 1990-тите како почетни години на раѓање, а раните 2010-ти како завршувачки со годините на раѓање на припадниците на оваа генерација. Повеќето членови на генерацијата Z се деца на генерација X, но некои се деца на милениумци. Како прва социјална генерација која пораснала со пристап до Интернет и преносна дигитална технологија уште од мали нозе, низ целиот свет, членовите на генерацијата Z, поминуваат повеќе време на своите електронски уреди и помалку време читајќи книги отколку порано, со импликации врз нивниот распон на внимание, нивниот вокабулар, а со тоа и нивните училишни оценки како и нивната иднина во модерната економија.

Јаковлев, според критериумот возраста на туристите прави поделба на следните видови туризам[9]: детски туризам, младински туризам, туризам во здрела возраст и туризам во трета доба.Детскиот туризам ја опфаќа популацијата на младите до 15 години. Нивниот престој во туристичките места е најчесто проследен од придружници (родители, воспитувачи, наставници). Објектите за нивниот престој (на море или езеро) се градат на оние места каде водата е плитка, а опкружувањето е со многу зеленило. Во планинските делови се градат вакви објекти на надморска височина до 1500 м. Просториите на објектите треба да се исполнети со содржини од воспитно - едукативен карактер. Овој туризам се карактеризира со мала потрошувачка и подолг престој. Со оглед на тоа што децата се динамични, весели, социјални, често им треба групно сместување во повеќе соби.Младинскиот туризам ја опфаќа средношколската и студентската популација до 25 години. Во побарувачката на оваа клиентела доминираат забавни содржини и активна рекреација. За потребите на оваа категорија на туристи се потребни објекти за културно - забавен живот и спортски терени со соодветни содржини. За оваа категорија туристи најчесто се градат по скромни туристички капацитети. Поради начинот на однесувањето, проследен со голема динамичност и бучност, сместувачките капацитети за оваа категорија на туристи поправило се лоцира подалеку од сместувачките капацитети кои се предвидени за туристите кои практикуваат мирни

9 Јаковлев, З. (2018) Основи на туризам. Штип: УГД.

форми на рекреација. Оваа категорија туристи се карактеризира со динамичност и социјалност, хетерогеност на групата во која се наоѓаат, скромна побарувачка и забава за време на туристичките патувања.

Речниците за туризам го дефинираат младинскиот туризам како-сегмент од туристичкиот пазар кој опфаќа лица помеѓу 15-18 и 25-29 години. Достапните статистики укажуваат на тоа, дека динамиката на раст на младинскиот туризам се развива побрзо од туризмот во целина[10].Според Енциклопедијата на туризам, младинскиот туризам налага потреба од иновација и одржливост на туристичкиот пазар. Младинскиот туризам дава поглед во иднината, бидејќи младите туристи можат да се прифатат како пионери во користењето на новите технологии и нови форми на социјално вмрежување и комуникација[11]. Младинскиот туризам претставува форма на туризам во кој учествуваат младите луѓе[12]. Станува збор за посебен вид туризам и категории на туристи кои поради нивната возраст имаат посебни и различни преференции и потреби од другите возрасни групи, од кои произлегуваат и посебни активности и капацитети кои туризмот ги нуди за нив[13]. Кај младинскиот туризам постојат посебни туристички посредници (туроператори и туристички агенции), и специјални организации (феријални, младински и слични здруженија) кои се занимаваат само со организација на младински туризам.

Младинскиот туризам се однесува на сите независни патувања за периоди помали од една година на млади луѓе кои се мотивирани, делумно или целосно, од желбата да запознаат други култури, да создадат животни искуства или да земат учество во формални или неформални можности за учење надвор од вообичаеното место на живеење[14]. Независноста на овие патувања се однесува во контекст на тоа, дека младите луѓе патуваат независно – без придружник (родител, старател)[15].

Различни држави развиваат политики на развој на младинскиот туризам. Во Израел, се организираат патувања на младите евреи од дијаспората како би запознале подобро Израел наречени „Israel Experience“[16]. Сојузното Министерство за економски прашања и енергетика во Германија реализирало проект во периодот 2012-2014 година наречен: Туризам за деца и млади. Целта на овој проектот била да се подобри

10 Medlik, S. (2003) Dictionary of Travel, Tourism and Hospitality. Oxford: Butterworth-Heinemann.

11 Jafari, J., Xiao, H. (2016) Encyclopedia of Tourism. Switzerland: Springer.

12 Rakčević, Ž. (1990) Protivrečnosti i perspektive omladinskog turizma. Nikšić: Univerzitetska riječ.

13 Vukonić B., Čavlek N. (2001) Rječnik turizma. Zagreb: Massmedia.

14 Saikia, A. (2018) A Review on the Definition of Youth Tourism. International Journal of Interdisciplinary Research and Innovations, 6(2), pp.107-113.

15 Demeter, T., Brătucu, G., Palade, A. (2015) Dynamics of the youth travel market on a global level. Bulletin of the Transilvania University of Braşov, Series V: Economic Sciences, 8 (57) No. 1, pp.96-105.

16 Cohen, E. (2008) Youth Tourism to Israel: Educational Experiences of the Diaspora. Clevedon: Channel View Publications.

имиџот на Германија како дестинација за патување за деца и млади и да се подобри нејзината конкурентна позиција на пазарот. Проектот вклучувал изработка на студија за економското значење на децата и младите за туристичката индустрија и одржување на осум конференции со презентации од резултатите низ Германија.Студијата се фокусирала на анализа на податоците за побарувачката, идентификување зошто децата и младите патуваат, пресметување на економските аспекти и идентификување на трендовите и факторите за успех при дизајнирање туристички понуди за оваа целна група.Обемот на патувања за деца, тинејџери и млади луѓе изнесувал околу 62 милиони ноќевања годишно и приближно 670 милиони дневни патувања – што претставува значаен економски фактор во широката туристичка слика. Севкупно, пазарот на патувања за оваа група туристи генерира бруто приход од 28,2 милијарди евра во Германија во 2013 година, заедно со дополнителни 10 милијарди евра генерирани од поврзаните транспортни услуги. Туризмот за деца и млади во Германија обезбедува егзистенција за приближно 550.000 граѓани и учествува со 0,7% од националниот доход[17].

Истражувањата на Светската туристичка организација поврзани со младинскиот туризам ни ги даваат следните податоци[18]: 23% од меѓународните туристи во светски рамки се младински патувања или 336 милиони туристи, 60% од буџетот за патување овие туристи го трошат во дестинацијата каде престојуваат, младинскиот туризам генерира 333 милијарди американски долари на годишно ниво.

Податоците од релевантните светски истражувања покажуваат тенденција на раст на младинскиот туризам во светот и соодветно на тоа, се забележува потреба од покомплексен пристап за следење и разбирање на туристичките трендови на млади луѓе[19]. Младите се повеќе се вклучуваат во туристички патувања со одредени специфичности кои го разликуваат младинскиот туризам од другите форми на туризам. Разликите, меѓу другото, се манифестираат најмногу во начинот на организирање патувањата, достап и користење на информациите за патување, мотивација и елементите на избор на туристичка дестинација, како и користењето на поевтини сместувачки капацитети.Младинскиот туризам опфаќа подолготрајно, удобно и економично патување кое најчесто е направено со користење на ранец од страна на туристите[20]. Младинскиот туризам се повеќе се смета за важна област на истражувањене само како важен пазар за денешниот туризам, но и како туристи на иднината[21].Младинскиот туризам може да опфаќа повеќе видови

17 Federal Ministry for Economic Affairs and Energy (2017) Federal Government Report on Tourism Policy. Berlin: Germany.

18 UNWTO (2016) Global Report on The Power of Youth Travel. Madrid: UNWTO.

19 Klarin, T., Gusić, A. (2013) Kultura putovanja mladih u Hrvatskoj i omladinski turizam. Liburna, 2(2), pp. 53-72.

20 Kilili, R., Cizrelioğullari, M., Altun, O. (2021) The point of view youth tourism towards university students. Journal of Contemporary Issues in Business and Government, 27(2), pp. 6564-6585.

21 Staffieri, S., Cavagnaro, E. (2018) Youth travel experience: an analysis of the

туризам,сепак најчесто се споменува како составен дел во следните[22]: едукативен туризам, волонтирање, work and travel, културна размена, спортски и авантуристички туризам и рекреативен туризам.

## 2. Побарувачка на младински туризам

Обединетите Нации проценуваат, дека денеска во светот живеат околу 2 милијарди млади луѓе.На глобално ниво, патувањата на младите луѓе се пресметува на 23% од вкупниот меѓународен туризам[23]. Денешните млади патници се високо образовани и амбициозни, поседуваат начин на размислување ориентиран кон целта[24]. Патувањето е вроден дел од нивниот животен стил.Покрај очигледните економски придобивки, присуството на младинските туристи има и други ефекти врз дестинациите што ги посетуваат. Со подолгиот престој што го остваруваат во локалните заедници и нивната желба да се запознаат со нова култура, младите туристи ја продлабочуваат културната интеракција.Додека краткорочните патувања на млади туристи имаат тенденција да се третираат како „гости", долгорочните посетители (на пр. студенти, волонтери и учесници во програмата за работно искуство) често се прифатени како „привремени членови на семејството или заедницата".Резултатите од редица спроведени истражувања, покажуваат, дека искуството од патувањето го поттикнува личниот, социјалниот и академскиот развој на младите луѓе. Патувањето предизвикува трансформација, зголемувајќи ја нивната подготвеност да учат и истражуваат, помагајќи им да станат потолерантни и повеќе да почитуваат, а истовремено придонесуваат и за подобри академски перформанси во образованието.Младинскиот туризам бележи континуиран раст и развој поради следните фактори:

- Младите често се подобри потрошувачи од другите туристи;
- Младите се среќни што повторно се враќаат во туристичка дестинација што ја посетиле претходно;
- Младите поретко се откажуваат од патувањата поради, на пример, терористички напади, политички и граѓански конфликти или природни катастрофи;
- Младите се т.н. „пионери" кои откриваат нови туристички дестинации;
- Младите не се спречуваат себеси да користат нови и понапредни технологии;

---

relations between motivations, satisfaction and perceived change. WIT Transactions on Ecology and The Environment, 227, pp. 95-106.

22 Demeter, T., Brătucu, G. (2014) Typologies of youth tourism. Bulletin of the Transilvania University of Braşov, Series V: Economic Sciences, 7 (56), No. 1, pp.115-122.

23 UNWTO (2016) Global Report on The Power of Youth Travel. Madrid: UNWTO.

24 British Educational Travel Association (2017) Unlocking the value of youth, student & educational travel. London: British Educational Travel Association.

- Младите ги користат културните придобивки од патувањето и на тој начин придонесуваат за развој на туристичката дестинација.

За младите луѓе учесници во младинскиот туризам, патувањето се идентификува со следното:

- Патувањето е форма на учење;
- Патувањето е начин на средба со други луѓе;
- Патувањето е начин на стапување во контакт со други култури;
- Патувањето е извор на развој на кариерата;
- Патувањето е средство за саморазвој;
- Патувањето е дел од нивниот идентитет – вие сте таму каде што сте биле.

Младите луѓе се многу вешти во користење на технологијата кога создаваат искуства за патување и користат цела низа извори на информации. Тие, исто така, многу добро се подготвуваат за своето патување, дури и кога се многу искусни патници. Помалку искусните млади луѓе обично се обраќаат до туристички агенции за информации и ги користат услугите на туристичките агенции.Истражувањата поврзани со младинскиот туризам[25], ни покажуваат, дека забавата и релаксацијата се главната цел на патувањето кај нешто помалку од 50% од младите луѓе. За младите може да се смета и дека новата средина, новите луѓе, природата, културата со која се среќаваат е токму забава и релаксација. На второ место е целта за изучување странски јазици, чиј удел е 20%. 17% од испитаниците патуваат заради студирање во странство, а останатите 16% патуваат заради вработување во странство. Мотивирани од различни мотиви (забава, запознавање на нови култури, едукација, авантура и сл.), младите одат на патувања за да ги прошират своите хоризонти и да ги постигнат своите цели, се со цел да ги задоволат своите потреби и желби. Кај младинскиот туризам, најчесто патувањето до дестинацијата се остварува со автобус, што е вид на превоз кој го користат 31% од младите луѓе, потоа следува патувањето со автомобил 22% и воз 21%, додека воздушниот сообраќај учествува со 16%.

Релевантната литература за младинскиот туризам, укажува на податокот, дека денешните млади луѓе имаат повеќе слободно време, како и желба за возбуда и откривање нови места и култури. Имаат малку поинаков пристап кон планирањето и организирањето на туристичко патување и најчесто делуваат самостојно, а многу ретко се одлучуваат за организирани патувања. Нивните патувања обично се многу детално планирани и подготвени, најчесто поради многу ограничениот буџет што им е достапен за патување. Исто така, тие се склони кон евтино сместување, бидејќи повеќе би сакале да го потрошат својот ограничен буџет за туристичко патување на разни активности кои им се нудат во дестинацијата отколку за сместување во сместувачки капацитети од висока категорија. Затоа најчесто престојуваат во хостели, приватно

25 Demeter, T., Brătucu, G., Palade, A. (2015) Dynamics of the youth travel market on a global level. Bulletin of the Transilvania University of Braşov, Series V: Economic Sciences, 8 (57) No. 1, pp.96-105.

сместување или хотели од пониска категорија. Како најчести извори на средства за финансирање на младинските патувања се јавуваат родителите и роднините, сопствените заштеди, ваучерите со попусти и различните начини на штедење (во последен момент, автостоп, спиење во шатори, патување и спиење со повеќе луѓе, итн.). Користењето на евтино сместување на младите туристи им овозможува да имаат подолго патување како и да го трошат својот буџет и џепарлак на многу други активности како што се културни, природни, авантуристички и слично.

## 3. Едукативен туризам

Растот и на образованието и на туризмот како индустрии во последните децении допринело за раст во препознавањето на потенцијалот на овие индустрии од економска и социјална перспектива. Едукативниот или образовниот туризам се појавува поради растечкиот тренд на стекнување нови знаења, но и пренесување знаење на другите, како и подобрување на способностите и компетенциите надвор од училницата. Кај образовниот туризам, фокусот е ставен на запознавање со културата, односно запознавање на новите знаења, како и на работата и примената на знаењата стекнати во училницата. Според тоа, образовниот туризам опфаќа туристички активности остварени за време на патувањата каде учењето или образованието е примарен или секундарен мотив за туристите.[26] Образовниот туризам може да вклучува:студиски групи и патувања, домашни и меѓународни студентски патувања, училишта за странски јазици, програми за размена и екскурзии. Особено популарни активности во едукативниот туризам за младите луѓе се волонтерските кампови (Финска, Германија, Исланд) и програмите за работа во странство.[27]

**Work and travel USA.** Work and Travel USA е програма за културна и образовна размена на студенти и е под директна надлежност на Стејт департментот на САД[28].Ова програма нуди можност на секој редовен студент (18-28 години) да замине во САД, да работи легално, да си ги покрие трошоците за програмата и да се врати со мала заштеда. Основна цел на оваа програми не е работата и заработката на финансиски средства. Целта на оваа програма е да се даде можност на учесниците одблизу да се запознаат со начинот на живот и работата во САД, да запознаат многу нови пријатели од целиот свет, да го усовршат англискиот јазик, да патуваат и да ги посетат туристичките дестинации во САД. Основни можности кои ги предлага оваа програма се следните:

- Работна дозвола за 4 месеци (во периодот од мај до октомври);
- Осигурување на работно место кај проверен работодавец,

26 Ritchie, B. (2003) Managing Educational Tourism. Clevedon: Channel View Publications.

27 Jovanović, V. (2020) Turizam i prostor. Beograd: Singidunum.

28 https://www.state.gov/students/

вообичаено во сферата на туризмот и угостителството: хотели, ресторани, забавни паркови, продавници и др.;

- Можност за наоѓање втора дополнителна работа; и
- Право на едномесечен туристички престој по четвртиот месец.

**Еразмус +.** Erasmus + е една од најдобро оценетите образовни програми на Европската Унија која е креирана во 1987 година[29]. Скратеницата од англискиот јазик „Erasmus" означува EuRopean Community Action Scheme for the Mobility of University Students. Го добива името според познатиот филозоф и учителЕразмо Ротердамски. Предлог проектите за оваа програма во нашата земја се доставуваат во Националната агенција за европски образовни програми и мобилност[30]. Програмата е поделена на три клучни акции и тоа:

- Клучна Акција 1: Учењето преку индивидуални мобилности создава можности за индивидуите да ги подобрат своите вештини, подобрување на вештините за вработување и зголемување на културната свест.
- Клучната акција 2: Соработка за иновација и размена на добри практики им овозможува на организациите да работат заедно, со цел да ги подобрат нивните мерки за учениците и да споделуваат иновативни практики.
- Клучна акција 3: Поддршка на реформата на политиките ги покрива сите типови на активности насочени кон поддршка и олеснување на модернизацијата на системите во образованието и обуката.

Дел од активностите кои можат да се реализираат преку оваа програма се следните:

- Можности за учење на поединци преку проекти за мобилност за студенти од високо образование и персонал, шема за гаранција на заем за да им помогне на студентите на магистерски студии кои ги финансираат своите студии во странство и проекти за мобилност за учениците и вработените за стручно образование и обука;
- Соработка помеѓу образовните институции, деловните субјекти, локалните и регионалните власти и невладини организации (НВО), главно преку Заеднички магистерски студии; Стратешко партнерство (дозволувајќи им на организации од различни социо-економски сектори за развој и дистрибуирање, меѓу другото, иновативни практики што водат до високо квалитетно учење, обука, учење и младинска работа); Сојузи на знаења (да развијат иновативни и мултидисциплинарни пристапи кон наставата и учењето; да се стимулира претприемништво и претприемачки вештини меѓу наставниот кадар и работниците; да се олесни размената, протокот и заедничко создавање на знаење помеѓу високото образование и претпријатија); и Сојузи за секторски вештини (да се дизајнира и испорача заедничка стручна обука програми и методологии на предавање / обука, со посебен фокус на Учење преку работа, обезбедување на учениците со вештини што ги бара пазарот на трудот);

29 https://ec.europa.eu/programmes/erasmus-plus/node_en

30 https://na.org.mk/

- Непрофитни европски спортски настани кои поттикнуваат учество во спорт и физичка активност и др.

Младинските размени (Youth exchanages) им овозможуваат на групи млади луѓе (13-30 години) од најмалку две различни држави да се сретнат, учат и живеат заедно од 5 до 21 ден, а притоа да учат едни од други за своите земји и култури.[31] За време на младинската размена, учесниците (16-60), поддржани од група лидери, заеднички спроведуваат работна програма (мешавина од работилници, вежби, дебати, играње улоги, симулации, надворешни активности итн.) дизајнирани и подготвени од нив пред размената. Младинските размени им овозможуваат на младите да: развијат компетенции; станат свесни за социјално релевантни теми/ тематски области; откриваат нови култури, навики и животни стилови, главно преку учење од колегите; зајакнат вредности како што се солидарноста, демократијата, пријателството итн. Овие проекти вклучуваат активно учество на младите луѓе и се подготвени за да може да им помогнат да откриваат и да станат свесни за различната општествена и културолошка реалност, да учат едни од други, и да го зајакнат чувството да се биде европски граѓанин. Процесот на учење кај младинските размени се остварува со помош на методи за неформално образование. Доста кусото времетраење го прави учеството на лицата со помалку можности соодветно; оттука, младинската размена нуди меѓународно искуство на мобилност во безбедна група со можност да се има адекватен број на лидери на групата кои би се грижеле за учесниците. Младинската размена може, исто така, да биде добра средина за дискусија и учење на прашањата на инклузија и разновидност. Младинските размени се базираат на транснационалните соработки меѓу две или повеќе организации-учеснички од различни држави од Европска Унија и надвор од неа.

Преку проектите за младински размени и според правилата на програмата Еразмус +, трошоците за патување (транспорт), сместување и исхрана на учесниците во проектот се покриени од страна на организаторите на програмата.

**Изучување на странски јазици.** Курсеви за странски јазици се значаен дел од едукативниот туризам, а како една од најпосакуваните дестинации за изучување на англискиот јазик преку краткотрајни курсеви е градот Лондон во Велика Британија.

Редица други дестинации ја користат можноста да го зголемат бројот на туристи преку организација на курсеви за странски јазици, а како пример ќе ја посочиме Малта. Туристичката политика на оваа земја, за развој на одржливиот туризам предвидува продолжување на сезоната, односно намалување на бројот на туристи во летната сезона. Поради таа причина, организирањето на курсевите за странски јазици се спроведува вон летната сезона во периодот на месеците ноември-април. Малта добро го препознава овој сегмент на туристичкиот пазар, а тоа го докажува и преку официјалната веб страна за промоција на земјата

31 https://erasmus-plus.ec.europa.eu/opportunities/opportunities-for-individuals/youth-exchanges

каде ги промовира училиштата за изучување на англиски јазик и различните видови на курсеви кои ги нудат тие. Во земјата постојат повеќе од 40 училишта за изучување на англиски јазик, секое со свои специфични организирани курсеви и со високо обучени учители, кои можат да работат со луѓе со различни можности и од различни возрасти. Овие училишта се здружени во Федерација на организации кои практикуваат изучување на англиски јазик (Federation of English Language Teaching Organisations in Malta). Курсевите кои ги предлагаат овие училишта се наменети за неколку категории туристи: курсеви поврзани со одморот, курсеви за возрасни, бизнис курсеви и курсеви за специјални интереси. Во зависност од побарувачката, курсевите се организираат во групи или индивидуално се изучува англискиот јазик според специјално подготвена програма. Училиштата се толку флексибилни, што имаат понуда на изучување на англискиот јазик и во објектите за сместување каде престојуваат туристите. Тие, исто така за заинтересираните можат да обезбедат и сместување и исхрана по желба на туристите учесници во курсот, од сместување во малтешки семејства, апартмани до хотели со пет ѕвезди. Во Малта постои систем за сертифицирање на објектите за сместување според принципите на одржливиот туризам.

**Практична настава.** Во минатото, практичната работа би можеле да ја споредиме со односите помеѓу калфата и чиракот. Денес, таа претставува систем за тренинг на студентите и приготвување за нивната идна професија. Во текот на студирањето, студентите, освен теоретското совладување на материјалите за предметите кои се изучуваат во студиските програми, имаат и задолжителна практична работа. Треба да се напомене дека праксата не е еднаква со редовниот работен однос.

Практичната работа можеме да ја сретнеме како пракса, практиканство, професионална пракса, феријална пракса, практична настава и слично. Во стручните речници, практиката е дефинирана како вештина стекната преку вршење на некоја работа.[32]

Причините поради кои се воведува практичната настава во образовниот систем на една држава, најмногу произлегуваат од потребите и барањата за одреден кадар од страна на стопанството. Најчесто, практичната работа се воведува преку заеднички иницијативи од страна на јавниот сектор, универзитетите, факултетите, студентските сојузи, средните училишта и стопанските комори.

Практичната работа можеме да ја дефинираме како процес на „размена на услуга за искуство“ помеѓу студентот и работодавецот (организацијата) која го прифатила практикантот. Праксата е важна за студентите, затоа што работејќи на одредени позиции тие „од прва рака“ можат да дознаат дали имаат интерес за одредена кариера, да ја прошират својата мрежа на контакти, да го збогатат своето персонално и лично искуство и да ја постигнат својата цел – да ја одработат праксата, која им е неопходна за да го завршат своето високо образование[33].

32 Мућуновиќ, Љ. (1991) Современ лексикон на странски зборови и изрази. Скопје: Наша Книга.

33 Ташков, Н., Димитров, Н., Методијески, Д. (2013) Пракса во хотелско-

Праксата е широко прифатена студентска активност во развиените европски земји, во САД и насекаде низ светот. Универзитетите во последните неколку децении имаат заземено сериозен пристап кон практичната работа. Поради тоа, во нивните рамки се отвораат центри кои се занимаваат исклучиво со практичната работа.Едно истражување, спроведено на 66 високообразовни институции и 112 насоки на кои се изучува туризмот во Велика Британија во 2001 година, ги дава следните податоци: на 23% од овие насоки се извршува едногодишна практична настава во странство, а на останатите насоки практичната работа во странство се реализира во периодот од еден до седум месеци.[34]

Во поголемиот дел од државите во Европската унија, праксата е задолжителна, а во некои земји дипломската или магистерската работа треба да произлезат од стекнатото работно искуство под формата на пракса.

**Теренска настава.** Реализацијата на наставата надвор од училницата и училишните објекти, кога учениците или студентите организирано вршат разновидни набљудувања, мерења, истражување, цртање, фотографирање, снимање, прибирање и систематизација на разновиден материјал и податоци, со цел што поопстојно и пообјективно да се запознаат со изучуваната проблематика се нарекува теренска настава или метода на работа на терен.[35] Теренската настава вклучува и посета на локации од интерес, институции, организации или компании, запознавање со работни процеси, одржување на состаноци и учество на презентации поврзани со проблематиката која се изучува.

Теренската настава покрај тоа што е сложена наставна метода претставува и доста комплексна наставна стратегија во функција на соодветниот наставен предмет. Во зависност од сложеноста на теренската настава се издвојуваат неколку стратегии кои ги оцртуваат фазите на истата. Тие се: подготовка, реализација, систематизација и заклучок на резултатите, следење и оценување на постигањата и презентација на резултатите од теренската настава.

Во групата на постапки за остварување на стратегијата низ сите фази/етапи наставникот и учениците применуваат голем број на различни техники. Техниките во суштина се вештина на изведување на наставата од страна на наставникот и учениците, така што за поуспешна реализација мора да се користат различна методиско-дидактичка подготовка и материјално-техничка опрема. За подобра реализација на техниките потребна е примена на разни инструменти како средство за прибирање на релевантни показатели.

Постојат различни критериуми за поделба на теренската настава. Според просторот теренската настава може да се реализира во локална и регионална средина, во национални рамки и во странство. Според

---

угостителски објекти. Штип: УГД.

34 Aggett, M., Busby, G. (2011) Opting out of internship: Perceptions of hospitality, tourism and events management undergraduates at a British University. Journal of Hospitality, Leisure, Sport and Tourism Education, 10(1), pp. 106-101.

35 Димитров, Н., Марковски, Б. (2011) Теренска настава. Скопје: ГЕОМАП.

времето теренската настава може да се реализира за време на еден наставен час, како блок часови, полудневна, еднодневна и повеќедневна теренска настава. Теренската настава според содржината, односно темата може да биде: тематска (строгонаменска со една содржина или тема); политематска (повеќе наставни теми) и комплексна (корелација со други наставни предмети).

## Заклучок

Младинскиот туризам претставува форма на туризам во кој учествуваат младите луѓе. Станува збор за посебен вид туризам и категории на туристи кои поради нивната возраст имаат посебни и различни преференции и потреби од другите возрасни групи, од кои произлегуваат и посебни активности и капацитети кои туризмот ги нуди за нив. Кај младинскиот туризам постојат посебни туристички посредници (туроператори и туристички агенции), и специјални организации (феријални, младински и слични здруженија) кои се занимаваат само со организација на младински туризам. Младинскиот туризам се однесува на сите независни патувања за периоди помали од една година на млади луѓе кои се мотивирани, делумно или целосно, од желбата да запознаат други култури, да создадат животни искуства или да земат учество во формални или неформални можности за учење надвор од вообичаеното место на живеење. Мотивирани од различни мотиви (забава, запознавање на нови култури, едукација, авантура и сл.), младите одат на патувања за да ги прошират своите хоризонти и да ги постигнат своите цели, се со цел да ги задоволат своите потреби и желби. За потребите на овој труд користена е методологија и анализирана е соодветна стручна литература од областа на младинскиот туризам. Целта на трудот е да ги опфати основните аспетки на младинскиот туризампреку дефинирање на овој вид туризам и анализа на побарувачката на младински туризам. Посебен осврт е направен на едукативниот туризам, кој се појавува поради растечкиот тренд на стекнување нови знаења, но и пренесување знаење на другите, како и подобрување на способностите и компетенциите надвор од училницата. Кај образовниот туризам, фокусот е ставен на запознавање со културата, односно запознавање на новите знаења, како и на работата и примената на знаењата стекнати во училницата. Според тоа, образовниот туризам опфаќа туристички активности остварени за време на патувањата каде учењето или образованието е примарен или секундарен мотив за туристите.

## Користена литература


Aggett, M., Busby, G. (2011) Opting out of internship: Perceptions of hospitality, tourism and events management undergraduates at a British University. Journal of Hospitality, Leisure, Sport and Tourism Education, 10(1), pp. 106-101.

British Educational Travel Association (2017) Unlocking the value of youth, student & educational travel. London: British Educational Travel Association.

Cohen, E. (2008) Youth Tourism to Israel: Educational Experiences of the Diaspora. Clevedon: Channel View Publications.

Demeter, T., Brătucu, G. (2014) Typologies of youth tourism. Bulletin of the Transilvania University of Braşov, Series V: Economic Sciences, 7 (56), No. 1, pp.115-122.

Demeter, T., Brătucu, G., Palade, A. (2015) Dynamics of the youth travel market on a global level. Bulletin of the Transilvania University of Braşov, Series V: Economic Sciences, 8 (57) No. 1, pp.96-105.

Federal Ministry for Economic Affairs and Energy (2017) Federal Government Report on Tourism Policy. Berlin: Germany.

Ferreira, V. (2020) Youth Studies and Generations: Values, Practices and Discourses on Generations. Basel: MDPI.

Hofmann-van de Poll, F., Williamson, H. (2021) European Youth Strategies A reflection and analysis: Background analysis for the EU Council of Europe youth partnership consultative process. EU-CoE Youth Partnership.

Jafari, J., Xiao, H. (2016) Encyclopedia of Tourism. Switzerland: Springer.

Jovanović, V. (2020) Turizam i prostor. Beograd: Singidunum.

Khoo-Lattimore, C., Yang, E. (2018) Asian Youth Travellers: Insights and Implications. Singapore: Springer.

Kilili, R., Cizrelioğullari, M., Altun, O. (2021) The point of view youth tourism towards university students. Journal of Contemporary Issues in Business and Government, 27(2), pp. 6564-6585.

Klarin, T., Gusić, A. (2013) Kultura putovanja mladih u Hrvatskoj i omladinski turizam. Liburna, 2(2), pp. 53-72.

Medlik, S. (2003) Dictionary of Travel, Tourism and Hospitality. Oxford: Butterworth-Heinemann.

Preko, A., Doe, F., Dadzie, S. (2019) The future of youth tourism in Ghana: motives, satisfaction and behavioural intentions. Journal of tourism futures, 5(1), pp. 5-21.

Rakčević, Ž. (1990) Protivrečnosti i perspektive omladinskog turizma. Nikšić: Univerzitetska riječ.

Ritchie, B. (2003) Managing Educational Tourism. Clevedon: Channel View Publications.

Saikia, A. (2018) A Review on the Definition of Youth Tourism. International Journal of Interdisciplinary Research and Innovations, 6(2), pp.107-113.

Staffieri, S., Cavagnaro, E. (2018) Youth travel experience: an analysis of the relations between motivations, satisfaction and perceived change. WIT Transactions on Ecology and The Environment, 227, pp. 95-106.

United Nations (2018) Youth 2030: The UN Youth Strategy. New York: United Nations.

UNWTO (2016) Global Report on The Power of Youth Travel. Madrid: UNWTO.

UNWTO (2016) Global Report on The Power of Youth Travel. Madrid: UNWTO.

Vukonić B., Čavlek N. (2001) Rječnik turizma. Zagreb: Massmedia.

АМС (2021) Национална стратегија за млади 2023-2027. Скопје: Агенција за млади и спорт.

Град Скопје (2021) Стратегија за млади на град Скопје 2021-2025. Скопје: Град Скопје.

Димитров, Н., Марковски, Б. (2011) Теренска настава. Скопје: ГЕОМАП.

Закон за младинско учество и младински политики (2020) Службен весник бр.10.

Јаковлев, З. (2018) Основи на туризам. Штип: УГД.

Муќуновиќ, Љ. (1991) Современ лексикон на странски зборови и изрази. Скопје: Наша Книга.

Ташков, Н., Димитров, Н., Методијески, Д. (2013) Пракса во хотелско-угостителски објекти. Штип: УГД.



ISBN 978-608-66817-3-9